Универзитет „Гоце Делчев" - Штип

# УНИВЕРЗИТЕТСКИ БИЛТЕН

Број 75, 1 март 2012 година

март 2012 година
Штип

## С О Д Р Ж И Н А

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент (специјалист) за научната област максилофацијална хирургија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 3

**РЕФЕРАТ** за избор на асистент за научно поле/област клинички медицински науки на Факултет за медицински науки при Универзитет„Гоце Делчев“ - Штип ... 9

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област преработка на анимални производи на Земјоделскиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 19

**РЕФЕРАТ** за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 26

**РЕФЕРАТ** за избор на еден соработник - во звање асистент за научната уметничка област музички форми со анализа на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 31

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот „Пијанистички техники“ од авторот доцент м-р Татјана Џорлева од Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 36

**РЕЦЕНЗИЈА** на ракописот за учебно помагало/скрипта „Џез саксофон – практика и вежби“ од доцент м-р Георги Мицанов, Факултет за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 38

**РЕЦЕНЗИЈА** на „Скрипта по предметот оркестар на народни инструменти 1“ од м-р Марјан Јанкоски, доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип ... 40

**ИЗВЕШТАЈ** од Комисијата за утврдување на подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за научна работа ... 42

**ПРЕГЛЕД** на наслови на теми за изработка на магистерски труд одобрени од наставно-научниот совет на единицата ... 48

**ПРИГОВОР** од кандидатката Весна Танчева ... 49

**ОДГОВОР** на приговор од кандидатката Весна Танчева ... 50

Издавач:
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Главен и одговорен уредник: проф. д-р Саша Митрев
Уредници: проф. д-р Блажо Боев, м-р Ристо Костуранов
Лектор: Даница Гавриловска-Атанасовска
Техничко уредување: Славе Димитров, Благој Михов

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ГЕОТЕКТОНИКА И РЕГИОНАЛНА ГЕОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ПРИРОДНИ И ТЕХНИЧКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ” ВО ШТИП

Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, на седницата одржана на 21.11.2011 година, донесе Одлука бр. 2202-292/26 од 22.11.2011 година за формирање на Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавените кандидати по Конкурсот, објавен на 25.10.2011 година во дневниот весник „Дневник“, за избор на ***еден наставник во сите звања*** за наставно-научната област ***геотектоника и регионална геологија*** на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, во состав:

– д-р Никола Думурџанов, редовен професор во пензија за наставно-научната област геологија и стратиграфија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, претседател,
– д-р Тодор Делипетров, редовен професор за наставно-научната област физика и геофизика на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, член,
– д-р Блажо Боев, редовен професор за наставно-научната област минералогија и петрологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип, член.

На распишаниот Конкурс, објавен во дневниот весник „Дневник“ на 25.10.2011 година, за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија се пријавил кандидатот д-р Гоше Петров, вонреден професор на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” - Штип.

Со пријавата кандидатот ги приложил следниве документи:

– кратка биографија;
– копија од дипломата за одбранет докторски труд и стекнат научен степен доктор на науки;
– список на објавени трудови и копија од трудовите објавени по последниот избор;
– потврда за познавање на еден од светските јазици (англиски јазик);
– уверение за државјанство;
– копија од изјавата до Комисијата за верификација на факти, со потврда за прием од Комисијата.

По разгледувањето на поднесената документација, Рецензентската комисија до Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев” – Штип го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Кандидатот **д-р Гоше Петров** е роден на 28 јануари 1961 година во Штип, каде што завршува основно и средно образование.

Во учебната 1979/1980 година се запишува на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, на Одделот за геологија, каде што во 1984 година дипломира со среден успех 9.02.

Во 1985 година се вработува на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, како помлад асистен по предметите: Структурна геологија и Геолошко картирање и фотогеологија.

Во 1992/1993 година ги завршува постдипломските студии на Рударско-геолошкиот факултет во Штип на Одделот за геологија, насока Регионална геологија со среден успех 9.43. Во 1994 година го одбрани магистерскиот труд на тема *„Геодинамика на геотектонските процеси на лакавичкиот грабен",* со што се стекнува со звањето магистер на технички науки. Истата година е избран во звање асистент на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, по предметите: Структурна геологија и Геолошко картирање и фотогеологија.

Во 2002 година, на Рударско-геолошкиот факултет во Штип ја одбрани докторската дисертација на тема *„Геотектонска еволуција на вардарската зона со посебен осврт на алписката орогенеза",* со што се стекнува со звањето доктор на технички науки. Истата година е избран во звање доцент на Рударско-геолошкиот факултет во Штип, по предметите: Структурна геологија и Геолошко картирање.

Во 2007 година бил избран во звање вонреден професор на Рударско-геолошкиот факултет (Факултет за рударство, геологија и политехника) во Штип, по предметите: Структурна геологија и Геолошко картирање.

Во текот на изминатите пет години ги има остварено следните активности:

***Наставно-образовна активност***

Во изминатите пет години кандидатот д-р Гоше Петров бил активно вклучен во наставната дејност на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип. Покрај наставата по предметите за кои е избран (Структурна геологија и Геолошко картирање), држел предавања и по повеќе други предмети од неколку катедри на Факултетот. На матичната Катедра (Катедрата за геологија и геофизика) ги покрива предметите: Геотектоника, Методи на далечинска детекција, Компјутерска симулација на геопроцесите и др. На Катедрата за инженерска геологија и хидрогеологија го покрива предметот Геотектоника, а на Катедрата за петрологија, минералогија и геохемија го покрива предметот Петротектоника. На Катедрата за географија ги покрива предметите: Географија, Принципи во геологијата, Картографија и Применета картографија. За предметот Географија има изготвено интерна скрипта – предавања. Исто така, покрива предмети и на Студиските програма за компјутерски дизајн и инженерство на животна средина (Системи на квалитет и стандарди и Принципи во геологијата). На Инженерска логистика и менаџмент ги покрива предметите: Системи на квалитет и стандарди и Индустриска сопственост. За овие предмети, исто така, има изготвено интерни скрипти – предавања.

Во изминатиот петгодишен период д-р Гоше Петров е ангажиран и во наставата на постдипломските студии на Катедрата за геологија и геофизика. Во овој период ги покрива предметите: Тектонофизика, Неотектоника и Структурни модели. На Катедрата за инженерска геологија и хидрогеологија го покрива предметот Менаџирање на водени ресурси, а на Катедрата за инженерство на животна средина ги покрива предметите Применета геологија и Квалитет на амбиентален воздух.

Во изминатиот петгодишен период д-р Гоше Петров е ментор на повеќе дипломски работи, четири магистерски трудови (м-р Ѓорѓи Димов, м-р Тони Даскалов, Емил Петрушев и Владо Мирчовски), од кои два се одбранети. Учествува во комисии за одбрана на две докторски дисертации (д-р Дељо Каракашев и д-р Виолета Стојанова) и десет магистерски трудови (м-р Влатко Јовановски, м-р Марјан Делипетров, м-р Сања Пановска, м-р Благица Донева, м-р Катерина Дрогрешка, м-р Јасмина Најдовска, м-р Стојанче Николов, м-р Димитар Арсов, м-р Тони Серафимоски и м-р Влатко Крстевски). Бил рецензент во повеќе комисии за избор/реизбор на наставници (избор на наставник по Геофизички истражувања и други предмети од Катедрата за геологија и геофизика и избор на наставник по Палеонтологија и стратиграфија и други предмети од Катедрата за геологија и геофизика) и асистенти (на Катедрата за геологија и геофизика).

Д-р Гоше Петров бил рецензент на учебник за средно образование („Истражни работи и геолошко картирање" од авторите: Данчо Алексов, Игнат Ефремов и Блажо Гаврилов).

***Научноистражувачка дејност***

Д-р Гоше Петров во периодот од изборот за вонреден професор (2007 - 2011 година) ги има објавено следниве трудови:

1. Stojanova V., Petrov G., 2007: Stratigraphic distribution of foraminifers of the Ovce Pole paleogene basin in the Republic of Macedonia. Geologica Macedonica, Vol. 21. Stip.
2. Stojanova V., Petrov G., 2008: Corelation of stratigraphic distribution of the foraminifers in the Ovce Pole and Tikves Paleogene basin, the Republic of Macedonia. Geologica Macedonica, Vol. 22. Stip.
3. Стојанова В., Петров Г., 2008: Стратиграфско распространение на фораминиферите од Тиквешкиот басен во Република Македонија. Прв конгрес на геолозите на Република Македонија, Охрид.
4. Мирчовски В., Каракашев Д., Петров Г., Мирчовски В., 2008: Хидрогеолошки карактеристики на околината на Дојранското Езеро и можности за искористување на подземните води. Прв конгрес на геолозите на Република Македонија, Охрид.
5. Стојанова В., Петров Г., Боев Б., Стефанова В., 2010: Дијатомејска флора од наоѓалиштето Вешје, во близина на Неготино – Р. Македонија. Природни ресурси и тегнологии. УГД, Штип.
6. Petrov G., Stojanova V., Mircovski V., Smuc A., Dimov G., 2010: Tectonics evolution of the paleogene basins in the Republic of Macedonia. Geologica Macedonica, Vol. 24 (1). Stip.
7. Mircovski V., Petrov G., Mircovski V., 2010: Artesian mineral water of the Raotince site, Tetovo. Geologica Macedonica, Vol. 24 (2). Stip.
8. Stojanova V., Petrov G., 2011: Paleoecological importance of small foraminifers from Ovče Pole basin in the Republic of Macedonia. 6th International Conference “Environmental Micropaleontology, Microbiology and Meiobenthology - 2011”, Moscow.
9. Stojanova V., Petrov G., Stefanova V., 2011: Small foraminifers from the Paleogene basins in the Republic of Macedonia. Bulgarian Geological Society, Nional conference with international participation “GEOSCIENCES 2011”, Sofia.

Д-р Гоше Петров во изминативе пет години учествува во реализација на неколку научноистражувачки проекти:

1. Делипетров Т., 2007: Загадување на водите во Охридско Езеро и загадување на почвите од отпадните води од рудниците и наоѓалиштата. Министерство за образование и наука, Билатерална соработка Македонија - Албанија. *Учесник во проектот.*
2. Мирчовски В., 2008: Одредување на санитарно заштитни зони околу штипското изворитште на подземна вода од алувионот на реката Брегалница, според искуството на Загрепското извориште на подземна вода од алувионот на реката Сава. *Учесник во проектот.*
3. Мирчовски В., 2009: Загадување и заштита на подземните води во алувијалните седименти на реката Брегалница во зависност од хидрогеолошките карактеристики. *Учесник во проектот.*
4. Петров Г., 2009: Корелација на еоценските флишни седименти на Македонија и Словенија и влијанието на регионалното палеогеографско проучување на флишните басени. *Раководител на проектот.*
5. Проект на УНЕСКО, 2006-2009: Сеизмо-хидрогеолошката осетливост на животната средина и на општеството на Балканскиот регион. *Учесник во проектот.*
6. Делипетров Т., 2011: Корелација помеѓу магнетното поле на Р. Македонија и Р. Словенија - Министерство за образование и наука, Билатерална соработка Македонија – Словенија. *Учесник во проектот.*

***Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност***

Во изминатиот петгодишен период д-р Гоше Петров бил учесник во реализација на повеќе стручни и апликативни проекти работени преку Катедрата за геологија и геофизика.

Студија за карбонатните минерални суровини во Репубника Македонија.

Елаборат за Проценка на влијанијата врз животната средина при дупчење на истражна

геотермална дупчотина во локалноста Топлец, Општина Стар Дојран.

Елаборат за проценка на влијанијата врз животната средина при дупчење на истражна геотермална дупчотина во локалноста Мала Боска, Општина Стар Дојран.

Елаборат за извршени детални геолошки истражувања на термоминералните води од изворот Л'џи и Бањата Кежовица, Штип.

Од 2011 година е член на Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Член е на Сојузот на рударските и геолошките инженери на Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната досегашна активност на кандидатот д-р Гоше Петров, објавените научни и стручни трудови, учеството на конгреси, симпозиумии, ангажираноста во наставата на прв и втор циклус на студии на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, може да се заклучи дека кандидатот поседува соодветни квалитети за наставна и научноистражувачка работа.

Кандидатот д-р Гоше Петров ги исполнува сите законски критериуми за избор во наставно-научно звање, во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за единствени критериуми за избор во наставни, наставно-научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот совет да го усвои нашиот предлог и предлог-одлуката да ја достави до Универзитетскиот сенат при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, за да кандидатот вонреден професор д-р Гоше Петров **се избере во звање редовен професор за наставно-научната област геотектоника и регионална геологија на Факултетот за природни и технички науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.**

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Никола Думурџанов, редовен професор, с.р.**
**Д-р Тодор Делипетров, редовен професор, с.р.**
**Д-р Блажо Боев, редовен професор, с.р.**

## П Р И Л О Г

**Табела за вреднување на активностите на д-р Гоше Петров, доктор на технички науки, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев” во Штип**

| Реден број | Наставно-образовна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство |
| 1. | Позитивно рецензиран универзитетски учебник (1) | 15 | |
| 4. | Интерна скрипта од предавања (3) | 3x4=12 | |
| 8. | Рецензент на учебник, скрипта и сл. (1) | 1 | |
| 12. | Ментор на одбранета магистерска работа (2) | 2x3=6 | |
| 14. | Ментор на одбранета дипломска работа (макс.7) | 3 | |
| 15. | Член на комисија за одбрана на докторат (2) | 2x2=4 | |
| 16. | Член на комисија за одбрана на магистерска и специјалистичка работа (10) | 10x1=10 | |
| 17. | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (максимум 7) | 5 | |
| 25. | Предавања (неделен просечен фонд на часови во двата семестра во изборниот период)* | 82.5 | |
| 27. | Одржани предавања (или консултации) на постдипломски студии по одржан курс | 6x2=12 | |
| 30. | Рецензент на соработници и наставници | 5x1=5 | |
| | **Вкупно** | **155.5** | |

| Реден број | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство |
| 4. | Труд со оригинални научни резултати објавени во научно списание опфатено во (SCI/CA/останати) | 4x3=12 | |
| 5. | Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир | 2x1=2 | 2x2=4 |
| 9. | Учество на научен собир со реферат (постер/усно), концерт во земјата и во странство | 2x1.5=3 | 2x1.5=3 |
| 12. | Раководител на научен проект | 4 | |
| 13. | Учесник во научен проект (максимум во три проекти) | 1x2=2 | 3x3=9 |
| | **Вкупно** | **39** | |

| Реден број | Стручно-апликативна дејност и организационо-развојна дејност | Поени | |
|---|---|---|---|
| | | Во земјата | Во странство |
| 5. | Труд во стручно (научно-популарно) списание (во земјава) | 1x2=2 | |
| 17. | Елаборати и експертизи | 4x2=8 | |
| 27. | Член на универзитетски или владини тела | 5 | |
| | **Вкупно** | **15** | |
| | **ВКУПНО: НО+НИ+СА** | **209.5** | |